Одделот за граѓански дела при Врховниот суд на Република Македонија, расправајќи по правните прашања од интерес за единствена примена на правото и воедначување на судската практика во врска со примена на Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија“.бр79/05, бр.110/08, бр.83/09, бр116/10), на седница одржана на ден 23.02.2015 година, ги донесе следните:

## ПРАВНИ МИСЛЕЊА

### I

**Судот може по службена должност да ја утврди вредноста на предметот на спорот која е меродавна за утврдување на составот на судот, правото на изјавување ревизија и во други случаи предвидени со Законот за парничната постапка, најдоцна до закажување на подготвително рочиште.**

### II

**Во споровите кои се однесуваат на непарични побарувања, меродавна вредност е онаа која тужителот ја назначил во тужбата и на кој износ била платена судската такса, доколку утврдувањето на вредноста на спорот не е уредено на друг начин со Законот за парничната постапка.**

### III

**Судот ќе ја отфрли тужбата поднесена од полномошник, ако во неа не е назначена вредноста на спорот.**

**Доколку тужбата е поднесена од тужител кој нема полномошник и во неа не е назначена вредноста на спорот, судот ќе го повика подносителот да ја уреди тужбата во определен рок, а во спротивно ќе се постапува како со неуреден поднесок.**

**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**